Република Северна Македонија
ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА
СУ.бр.137/23-9
12.10.2023 година
Гевгелија

# ИНТЕРЕН АКТ
# ВО ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА ВО ВРСКА СО ПРИМАЊЕ НА ПОДАРОЦИ

Во Основниот суд Гевгелија вработените за себе или за друг, не смеат да примаат подароци, услуги, помош или каква била друга корист, која би можела да има влијание или да се чини дека ќе има влијанија на нивното постапување со што би се довело во прашање нивниот професионален пристап кон работата и работните задачи кои ги извршуваат.

Вработените не смеат да прифатат подароци или благодарност која би се сметала како награда за работата чие извршување е нивна должност.

Оваа забрана се однесува и на брачниот другар на вработените, на лицата кои живеат со нив во вонбрачна заедница, на нивните деца, родители и на лица кои живеат во исто домаќинство.

Со овој Интерен акт во судот ќе ја подигнеме свеста на граѓаните дека со давањето на подароци на вработените се доведува до појава на корупција бидејќи на тој начин се стимулира таканаречената мала корупција која прераснува во општествено неприфатливо однесување и го зголемува нивото на корупција.

ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Марица Аврамчева Зафирова